


## Андон Чибишев во „Радио Лидер“

Утринава Андон Чибишев од ВМРО-ДПМНЕ во своето јавување во „Радио Лидер“ посочи дека власта уште на самиот почеток од пандемијата КОВИД-19 потфрли со неефикасните мерки. Власта не ги презема соодветните мерки кои што требаа. Уште од самиот старт на КОВИД-19 во Македонија ситуацијата не се контролираше како што треба. А, неефикасноста на власта за жал чинеше човечки животи.

„Секако дека вакцината е еден вид на средство кое што може да ја стави под контрола пандемијата. Затоа што знаеме во минатото имало тешки болести со кои што се соочувало човештвото меѓутоа искоренети се баш благодарение на вакцинација. Е, сега кога се работи за вакцинација од КОВИД-19 вирусот во Македонија, тука имаме крајно специфична ситуација. Да, не кажам смешна ситуација. Затоа што ние бевме убедувани дека се е во ред , дека нашите надлежни власти преговараат, направиле некаков договор за 500.000 дози, 800.000 дози па преку КОВАКС системот па после тоа испадна дека практички КОВАКС системот не функционира ние нема да добиеме од таму вакцини. Па имаше изјава дури и на претседателот на државата и на министерот за здравство дека ние сме биле мал пазар и затоа сме биле игнорирани од големите фармацевски компании“, истакна Чибишев.

Чибишев додаде дека потоа македонските граѓани од власта доби некакво ветување дека од своите резерви нашите пријателски држави од ЕУ како што се Грција, Полска, Австрија и други ќе дале на Македонија. И тоа пропадна, па после тоа Бугарија вети дека исто ќе отстапи од своите резерви за да даде на Македонија вакцини. Па потоа, многу пластично бугарскиот министер за здравство кажа дека тоа ќе го стори откако ќе го имунизираат нивното население. Но ако се чека Бугарија да го имунизира нивното население, за да ние од нив добиеме вакцини тоа значи дека ќе биде следната година.

Па потоа Србија вети дека ќе даде 8.000 дози, па српската премиерка излезе по ден – два за да каже дека Македонија не може да ги добие вакцините бидејќи вакцината на компанијата „Фајзер“ не е регистрирана во нашата земја. И така Македонија се уште ги нема добиено првите дози на вакцини за против КОВИД-19.

„Плус, што е уште потрагично и врв на неорганизираноста, неспособноста и несериозноста е дека немаме ниту план за вакцинација. И сега утрово читам по медиумите дека ние сме заинтересирани за кинеската вакцина“, рече Чибишев.

Чибишев посочи дека ќе биде многу комплицирано ако се изврши операција попис без претходно колективна имунизација на населението. А, тоа ќе претставува крајно штетно и опасно по здравјето на граѓаните.

**ВМРО-ДПМНЕ**